Зад секоја успешна компанија стои силен тим. Секој од нас е специјалист во своето поле на работа и е посветен на потребите и барањата на клиентите. Компанија ориентирана кон изнаоѓање решенија, со единствена цел – да обезбеди квалитет со висок степен на економска оправданост.
Имајќи го предвид нашето разбирање за моќта на тимот, работиме заедно кон постигнување на нашите цели и заеднички ги прославуваме нашите успеси.
Ако барате стабилност, професионален раст, долгорочна кариера и технолошки предизвици во успешни компании – дојдете и придружете ни се уште денес!
ФМС ДООЕЛ објавува оглас за вработување на професионални кадри од областа:

## ЕЛЕКТРОИНСТАЛАТЕР / ЕЛЕКТРИЧАР / ЕЛЕКТРОМОНТЕР

**Потребни квалификации:**

- Средна стручна спрема
- Минимум 3 (три) години на работно искуство
- Возачка дозвола од минимум Б категорија

**Опис на работата:**

- електроинсталации во деловни објекти и приватни имоти (при адаптација или реконструкција)
- хаусмајсторски поправки и отклонување на дефекти и испитување на инсталации
- полагање на кабли и поврзување на опрема
- фина монтажа на расвета, прекинувачи, приклучоци, системи за контрола на пристап и домофони
- монтажа на кабелски регали – ќе се смета за предност
- монтирање на разводни ормани и спојување на истите – ќе се смета за предност
- други електромонтажни работи

**Дополнителни критериуми:**

- обврска за придржување кон безбедносните прописи и прописите поврзани со заштита при работа
- способност на читање на електроинсталациски планови (шеми) – ќе се смета за предност
- спремност за работа надвор од Скопје – без преспивање

**Што нудиме:**

- мотивирачка атмосфера и плата по договор
- полно работно време од пон-пет 07:30-15:30
- колективно осигурување од несреќа
- платени дополнителни часови прекувремено
- платен годишен одмор
- можност за напредување во кариера
- избор на рачен алат по желба

Доколку сметате дека ги исполнувате наведените услови и сте заинтересирани за нови предизвици и постојан развој на Вашата кариера, испратете Ваша кратка биографија (CV) и мотивационо писмо на следната **email адреса: jobs@fms.com.mk**, со задолжителна назнака на апликацијата “**ЕЛЕКТРОИНСТАЛАТЕР / ЕЛЕКТРИЧАР / ЕЛЕКТРОМОНТЕР**”.

Само апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.

Апликациите без назнака нема да бидат разгледани!